**730.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА ПОМОШ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за државната помош,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 април 2007 година.

Бр. 07-1793/1 Претседател
23 април 2007 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА ПОМОШ**

Член 1

Во Законот за државната помош ("Службен весник на Република Македонија" број 24/2003 и 70/2006), во членот 3 по ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:

"(9) Хоризонталната помош е помош која се однесува на областите на: истражување и развој, заштита на животната средина, вработување, обука, услуги од општ економски интерес, како и во облик на ризичен капитал, чија цел е решавање на проблемите во сите индустриски гранки, односно региони."

Ставовите (9) и (10) стануваат ставови (10) и (11).

Член 2

Во членот 5 точка б) зборот "помошта" се заменува со зборовите: "хоризонталната помош".

Точката в) се менува и гласи:

"в) помошта за унапредување на развојот на определени стопански дејности или стопански гранки на Република Македонија, доделена во областа на челичната индустрија, индустријата на јаглен, внатрешниот сообраќај, воздушниот сообраќај, во областа на јавните инвестиции, во областа на извозно кредитно осигурување, како и во облик на државни гаранции и при продажба на градежно земјиште во сопственост на државата, доколку со тоа не се предизвикува сериозно нарушување на обврските согласно со членот 1 од овој закон;".

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Условите и постапката за доделување на помошта од ставот (1) точки б), в) и г) на овој член ќе ги пропише Владата на Република Македонија."

Член 3

Членот 9 се менува и гласи:

"(1) Секој облик на државна помош е под надзор на Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст: Комисијата).

(2) Комисијата, по своја иницијатива или на барање на трети лица, поведува постапка за оценување на компатибилноста на секоја државна помош со овој закон.

(3) Комисијата со одлука решава за компатибилноста на доделената државна помош.

(4) Одлуките на Комисијата од ставот (3) на овој член се конечни и истите се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

(5) Против одлуките на Комисијата може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување управен спор се поднесува во рок од триесет дена од денот на доставувањето на одлуките. Тужбата го одлага извршувањето на одлуките."

Член 4

Во членот 12 став (3) втората реченица се менува и гласи: "Доколку давателот на помошта не ја усогласи таквата шема за помош во согласност со предложеното од Комисијата, Комисијата поведува постапка за повторно оценување на компатибилноста на државната помош и донесува одлука за нејзината компатибилност со овој закон."

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

___________